| | |
|---|---|
| **Неделна тема** | „Дедовите приказни“ |
| **Содржина на денот** | Девојчето и дванаесетте месеци |
| **Возраст** | 3-4 години |
| **Воспитувач** | Емилија Стојкова |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор за оддржување на здрави и безбедни навики во домот, градинката и пошироката околина. |
| **Активност** | Читањето на приказни уште од најрана возраст е важно за целокупниот развој на детето. Преку усвојувањето на нови зборови, изрази кај детето се подобрува комуникацијата со непосредната околина, а најпрво со своите врсници. Само на тој начин кај детето ќе се постигне позитивен резултат во однос на неговото разбирање и прифаќање на приказната. Преку читањето се постигнува логичкото и критичкото размислување кај детето. Со помош на разговор додека се чита приказната детето ги сваќа причинско - последичните реакции од приказната. Многу е важно како возрасниот му ја чита приказната на детето. Тоа значи експресивно, изразно читање со правилна дикција на зборовите. Гестикулацијата, мимиките се многу важни и пропратни елементи кога ја читате приказната. Секогаш покажувајте ги илустрациите, опишувајте ги и охрабрувајте го детето самостојно да ги опишува истите. Менувајте ја јачината на гласот, имитирајте ги звуците од природата, само на тој начин ќе имате квалитет во она што сте го направиле.<br>Во прилог ќе Ви предложам повеќе Македонски народни приказни за деца: „Двата цара“; „Момчето што се скрило во златното јаболко“; „Девојчето и дванесетте месеци“. Откако ќе ја прочитате, преку прашања можете да разговарате за текстот и да извлечете поука од приказната.<br>Потоа дајте му на детето водени боици и нека го илустрира делот што најмногу му се допаднал.<br>Доколку детето има интерес можете да ја адаптирате приказната и да направите театар на сенки.<br>Во прилогот има фотографии од македонската приказната: „Девојчето и дванаесетте месеци“. |